ФРАНЦУСКИ КУЛТУРЕН ЦЕНТАР - СКОПЈЕ

УМЕТНИЧКА ГАЛЕРИЈА - СКОПЈЕ

# ВКРСТЕНИ ДЕЛА




Joan Miró / René Char

ЛИТОГРАФИИ ОД ГАЛЕРИЈАТА MAEGHT - ФРАНЦИЈА

## ВКРСТЕНИ ДЕЛА

### Вовед

Од 1975 година, Галеријата МЕЈТ (Maeght) им предложи на разни уметници-пластичари да направат една литографија или сериграфија, заедно со еден писател или спрема еден текст по нивен сопствен избор.

Овие дела долго време претставуваа една приватна колекција, плод на една соработка помеѓу уметниците и Галеријата МЕЈТ (Maeght) скоро премногу интимна за да биде јавно прикажана: само неколку блиски и верни пријатели добија по еден примерок како израз на наклоност, но најголемиот дел од овие дела лежат во скриените делови на Галеријата.

За француската културна мрежа во странство, Галеријата МЕЈТ љубезно ни предложи да направиме една изложба која содржи 31 дело, врамени и со разни димензии.



Antoni Tàpies
André du Bouchet

### КЛОД ГАРАШ

Роден 1929 година во Париз. Во средното училиште напоредно учи и пијано. Од 1948 година ги прави првите свои цртежи и скулптури. Од 1950 година ги започнува своите патувања по светот. 1955 година му е уметнички советник на Винсент Минели при снимањето на филмот за Ван Гог. Изложува во сите големи галерии во светот.

### ЕДУАРДО ШИЛИДА

Роден 1924 година во Сан-Себестијан Шпанија. По завршувањето на студиите по архитектура во Мадрид, учи цртање и ги реализира своите први гипсани скулптури. Излага во Мадрид, а потоа во Галеријата МЕЈТ. 1958 прва награда на Биеналето во Венеција.Многубројни изложби во Европа и Америка. Работи во дрво, гранит и челик.

ЖЕРАР ГАСИОРОВСКИ

Роден 1930 година во Париз. Од 1947 година студира применета уметност и веќе 1951 година почнува да слика. Најактивен е во седумдесеттите години. Вљубеник е во хиперреализмот, и под влијание на поп артот. Изложува во Франција како и во Токио, Хонгконг, Сингапур, Банкок. Почина во 1986 година.

АНТОНИО ТАПИЕС

Роден во Барцелона во 1923 година. Студирал право. Трауматизиран од граѓанската војна, малку по малку му се раѓа вкусот кон сликарството. Под влијание е на Дада и Надреалистите. Многубројни изложби во Франција и во Њујорк. Добитник на првата Национална награда за сликарство од страна на Францускотo министерство за култура.

ХУАН МИРО

Роден во Барцелона 1885 година. Од млад е надарен за цртање но се запишува во Економско училиште и истовремено посетува часови по сликање. Во 1918 година прва самостојна изложба. 1920-1927 соработува со М.Ернст за декорот на Рускиот балет. За време на граѓанската војна во Шпанија, бега во Франција, каде преку снажен експресионизам го ослободува својот револт сличен на оној на Пикасо. Изложува во САД, Франција, Италија, Мексико, Шпанија.

ВАЛЕРИО АДАМИ

Роден во Болоња, Италија, во 1935 година. Студира ликовна уметност во Брера и практикува експресионистичка уметност под влијание на Ф.Бекон. Прва самостојна изложба во Милано. 1962 година изложува во Лондон.Њујорк и неговата "фауна" ќе го инспирираат за големи платна кои ќе ги изложи на Биеналето во Венеција. Изложувал во Јужна Америка, Германија, Мексико, Италија, Франција. Своето време го дели помеѓу Франција и Италија.

МАКС ЊУМАН

Роден во Сарбрук, Германија, во 1949 година. Многубројни изложби во Германија како и во Франција (Ница и Париз; во Галеријата на цртежот, Бирчански и МЕЈТ).

АНТОНИО РЕКАЛКАТИ

Роден во Бресо, близу Милано, во 1938 година. Неговото сликарство воглавно го покажува човекот, мешавината на грдотијата и незгодите. Од пред неколку години се интересира за театарот правејќи декори и костими.

ПЈЕР АЛЕШИНСКИ

Роден 1927 година во Брисел. Студирал илустрација на книги и типографија на Националната Академија за Архитектура и Декоративна уметност во Брисел. 1947-1948 е член на групата "Млад белгиски сликар", кога ги реализира своите први аква форте и литографии. 1951 година доаѓа во Париз каде студира техника на графика. Многубројни патувања на Средниот Исток, Јапонија, Њујорк, Полска, Италија, Мексико, Канада... Изработува серија на керамички уметнички дела за фондацијата МЕЈТ. Живее и работи во Франција.

ЖАН БАЗЕН

Роден во Париз во 1904 година. Од мал е вљубен во скулптурата која подоцна ќе ја студира во ателјето на Ландовски, пред, дефинитивно да се посвети на сликарството. Средбата со Бонар многу го охрабрува за неговата понатамошна работа. Патува и изложува воАнглија, САД,Атина, Осло, Гетеборг, Шпанија, Холандија... Монументалната уметност станува главна преокупација на Базен, со која длабоко се врзува.

ПОЛ БУРИ

Роден во Белгија во 1922 година. Студира наАкадемијата за ликовна уметност во Монс и член е на една белгиска надреалистичка група. 1941-1943 година патува на велосипед низ Франција и се издржува сликајќи на ткаенини. Во шеесетите години престојува во САД и, фасциниран работи во дрво. Реализира повеќе скулптури на вода како и фонтани,а повеќепати изложува во Галеријата МЕЈТ и во Музејот на Модерната уметност во Париз. Живее и работи во Париз.

ПОЛ РЕБЕЈРОЛ

Роден 1926 година во Ејмутие-Франција. Лимузенските производители на емајл ќе му ја вдахнат љубовта кон овој занает и кон модерната уметност. 1944 година се запишува на ликовна Академија во Париз. Во Лувр ги проучува старите мајстори и во тој период ја добива наградата "Младо сликарство". Од 1951, први изложби во Париз и Лондон. Го споредуваат со Курбе. Во шеесеттите години ја напушта фигуративната уметност и се оддава на апстрактната. 1967, прва изложба во Галеријата МЕЈТ. Во седумдесеттите патува на Куба. Од осумдесеттите реализира многубројни изложби во Франција, Швајцарија, Италија,САД. Живее и работи во Париз.

ЖАК МОНОРИ

Роден во 1934 година во Париз. Кај него е карактеристична монохромијата. Од 1962 година се ориентира кон фигуративната уметност, а потоа ги уништува сите свои дела. Во шеесеттите години излага во Милано и Монтреал, работи во една издвачка куќа и го реализира својот прв филм. Во седумдесеттите излага во Париз, во Музејот за Модерна уметност и опсесијата од војната и насилството ја пренесува во своите дела. 1976 година излага во Галеријата МЕЈТ. Издава еден криминалистички роман и реализира два филма. Редовно изложува во Франција и во странство. Живее и работи во Париз.

НАСЕР АСАР

Од 1953 до 1966 година му припаѓал на "нуажизмот". Оваа група практикувала апстрактна уметност, ни геометриска ни гестикулативна. Кршејќи ја фронталноста овие сликари се потпирале на атмосферата на четирите елементи на големите космички ритми.

ХОРХЕ КАМАЧО

Роден воАвр (Куба) во 1934 година. Работи во Париз од 1959 година. На своите платна го пренесува темниот еротизам. Формите се агресивни, премногу орудија за измачување. Прогресивно неговиот свет се спојува со птици... ја претпочита птицата грабливка од славејот.

## ХОЗЕ ЛУИС КУЕВАС

Роден во Мексико во 1934 година. Изложува во Париз од 1955. Под влијание е на Пикасо, и во своите платна и во цртежите. Прва награда за најдобар цртач во 1959 година на Биеналето во Сао Паоло.

## ВЛАДИМИР ВЕЛИЧКОВИЌ

Роден во Белград во 1935 година. Живее и работи во Париз од 1962 година каде развива едно дело што се елаборира помеѓу желбата за слободен живот и насилствата предизвикани од друштвото. Цртач со извонредна надареност, Величковиќ предлага една особено трагична интерпретација на самиот живот.




Vladimir Velickovic
Alain Jouffroy

## ОЈВИНД ФАЛСТРОМ

Шведски сликар роден во Сао Паоло во 1928 година. Почина во 1976 година. Ретроспектива на неговите дела беше претставена во Центарот Помпиду во 1980 година. Во 1961 година се населува во Њујорк каде учествува на "хепенинзи" и во своите слики почнува да вметнува мобилни елементи. Неговите дела претставуваат приказ на реалната историја (особено империјалистичката).

## ЖОЕЛ КЕРМАРЕК

Роден во Остенде 1939 година. Француски сликар. Користејќи масло, тој развива фонови на кои секој мотив добива вредност на кршлива појава. Разни предмети на платното прават алузија на леден таен ритуал. Неговото сликарство не раскажува ништо, тоа сугерира.

ПЈОТР КОВАЛСКИ

Роден во Лвов (Полска) во 1927 година. Живее и работи во Франција. Преку употребата на најразлични материјали и комплексни техники (електкроника, халографија...) со светлоста и просторот, тој реализира дела (скулптури) кои го ослободуваат поетскиот потенцијал на научниот слух на универзумот - релативитетот, геометријата, времето, перцепцијата.

АНТОНИО САУРА

Роден во Хуеска (Шпанија) во 1930 година. Самоук, почнува да слика во 1947 година за време на една долготрајна болест. Живее во Париз од 1953 година. Ја слика латентната убавина во темница. Со својата палета ја масакрира целата фигура или работи на неа со единствена цел за да ја уништи и од неа да ги сочува руините.

ТОМАС ШЛИСЕР

Роден во Минхен во 1955 година. Живее и работи во Берлин. Многубројни групни и самостојни изложби низ Европа. Во Галеријата МЕЈТ изложува во 1986 година.

ПЈЕР ТАЛ-КОТ

Француски сликар (1905-1985). После 1936 година, напуштајќи ги живите бои и геометријата, неговото сликарство се развива кон една елементарна и макроскопска визија на природата, пренесена во чистота на животински траги или рефлексии на летот на птиците на земја... Неговото сликарско дело е збогатено со голема графичка продукција (цртежи, лави...).

ЕРВЕ ТЕЛЕМАК

Роден во Порт-о Пренс (Хаити) во 1937 година. Студира сликартво со Џулијан Леви. Живее во Париз од 1961 година. По многубројни експериминтирања, во осумдесеттите години, се враќа на сликарството по порачка. Пред да слика тој црта. Богаството на цртежот го фаворизира спојот помеѓу зборовите, формите, спомените. Во овој спој на залепена хартија,разни предмети, графити, тој ја изразува мачнината, радостите и храброста денес.

ЖЕРАР ТИТУС КАРМЕЛ

Роден 1942 година во Париз. Учествувал на повеќе од 350 групни изложби. Неговите дела се сместени во шеесеттина музеи и приватни колекции низ цел свет.

ЈАН ВОС

Роден во Хамбург во 1936 година. Живее во Париз од 1960 година. Од 1983 година неговите дела се составени од фрагменти сликани без однапред одредена композиција.

ТИТИНА МАСЕЛИ

ЖАН-МИШЕЛ МЕРИС

ДОМИНИК ТИОЛА

Association Française d' Action Artistique A F A A
Ministère des Affaires Étrangères